УДК: 929(=411.16)Самоковлија, Б.
94(=411.16:497.7))

Александар Манојловски
Институт за национална историја, Скопје
aleksandar.manojlovski@gmail.com

# БЕНЈАМИН САМОКОВЛИЈА (1918-1996)[1]

*Апстракт.* – Бенјамин Самоковлија (Сараево, 31. III 1918 – Скопје, 28. II 1996) потекнува од еврејско семејство од Босна и Херцеговина. На 5 април 1941 година бил мобилизиран во редовите на војската на Кралството Југославија. Во втората половина на август 1941 година, Бенјамин Самоковлија се приклучува во редовите на НОВ и ПОЈ и учествува во бројни битки за ослободување на Југославија. После четвртата непријателска офанзива на НОВЈ која се одвивала во првата половина на 1943 година, Самоковлија заедно со дел од својата единица бил заробен од Германците и затворен во затвор во Зеница, од каде подоцна бил префрлен во концентрационен логор близу Солун. Во октомври 1943 година, преку врска на ЕАМ, успева да побегне и да се приклучи во редовите на грчките партизани, во ЕЛАС. Тука останува сè до остварениот контакт со македонските партизани од Првата македонско косовска ударна бригада на територијата на егејскиот дел од Македонија во периодот меѓу втората половина на декември 1943 година и јануари 1944 година. Во бригадата бил примен во III баталјон и бил задолжен за агитпроп на батаљонот, од каде подоцна бил преместуван во редовите на II, V и X бригада, извршувајќи ја должноста комесар на баталјон и учествува во борбите за ослободување на Македонија. Самоковлија е носител на повеќе воени и државни одликувања. За време на неговиот работен век, предводел голем број на државни претпријатија. Од особена важност е да се нагласи дека неполни две децении ја извршувал

[1] Статијава е преработена и дополнета верзија на текстот под наслов „Sjećanja sarajevskog Jevreja Benjamina Samokovlije – Damjana o njegovom učešću u Narodnooslobodilačkom i antifašističkom ratu u Jugoslaviji (1941-1945)“, рецензирана и дадена во печат во списанието *Historijski pogledi - Časopis Centra za istraživanje moderne i savremene historije,* кое излегува во Тузла, Босна и Херцеговина, на босански јазик.

функцијата претседател на Еврејската заедница во Република Македонија, градејќи цврсти пријателски односи со останатите верски заедници во земјата. Во Народноослободителната и антифашистичка војна во Југославија во периодот од 1941-1945 година директно учествоземале над 4 500 Евреи, од кои преку 1 300 лица ги загубиле своите животи во борбите за слобода.

*Клучни зборови.* – Бенјамин Самоковлија, Евреин, Сараево, Босна и Херцеговина, Народноослободителна војна во Југославија, Србија, Солун, Македонија, Скопје, Еврејска заедница.

Бенјамин Самоковлија е роден во Сараево на 31 март 1918 година, како второ дете во семејството. Потекнува од еврејско семејство кое броело шест члена, покрај неговите родители, Ашер и Ципура Самоковлија, Бенјамин имал уште и три сестри – Лаура, Рахела и Бјанка.

Неговиот дом се наоѓал во строгиот центар во градот, веднаш до пазарот каде што исто така се наоѓал и Општинскиот дом. Неговото семејство живеело самостојно. Неговиот татко бил успешен трговски патник кој продавал текстилна стока.[2] Неговата мајка била домаќинка и главен носител на сè во домот, „*Таа се грижеше за сè, за сите нас бидејќи татко ми беше постојано на пат. Така што таа водеше сметка за нашето воспитување, развој, грижа за нас, за училиштето, за сè*“.[3] За јазикот кој се користел во неговиот дом, Бенјамин Самоковлија истакнува дека се говорело исклучиво на српски јазик, иако наведува дека сите членови од неговото семејство говореле и шпански, односно ладино, кој ретко го користеле, „ [...] *одвреме-навреме, или кога ќе ни дојдеа некои гости, некои пријатели, особено стари луѓе, па со нив и на шпански ќе прозборевме. Но, главно нашиот јазик беше јазикот кој се говореше во Босна*“.[4]

[2] Следејќи ги чекорите на својот татко, Бенјамин Самоковлија се запишал во текстилното училиште.

[3] На 28 ноември 1995 година, во Скопје, Република Македонија, Оливера Христова (новинар во документарната програма на Македоската Телевизија) го интервјуира Бенјамин Самоковлија како дел од проектот за документирање на сведоштвата на преживеаните од холокаустот и борците од отпорот кои се бореле за време на Втората светска војна. Ова интервју е дел од заедничкиот проект меѓу Меморијалниот центар на холокаустот во Соединетите Американски Држави и Еврејската заедница во Република Македонија. https://collections.ushmm.org/search/catalog/irn512723. Проверено на 1.10.2022 година.

[4] Ibidem.

Што се однесува до практикувањето на еврејската религија во неговиот дом, Бенјамин наведува: „*Дома обичаите ги почитувавме, празниците ги славевме. Не бевме особено, како да кажам, побожни, но сепак еврејството го сочувавме, така што знаевме сѐ од еврејството*". Во неговиот дом се почитувале, одбележувале и прославувале еврејските обичаи и празници, а синагогата ја посетувале само за време на празниците.

За себе и за две од неговите три сестри[5] истакнува дека членувале во еврејските младински организации во Сараево, каде имале доста активности: „ [...] *учевме разни обичаи, убаво игравме, добро се согласувавме. Исто така, кога беа летните сезони, тогаш одевме како еврејска младина на разни летувања, сите заедно. И да ви кажам, имавме еден убав живот, незаборавен живот. Убави денови беа тоа таму*".[6] Бенјамин Самоковлија членувал во еврејската организација Хашомер Хацаир, вреднувајќи ја како најглавна организација: „*Цело време бев член и мошне бев активен. И тоа едно време беше интересно друштво. Се занимаваше со секакви работи. Тука доста работи учевме, и јазик учевме, хебрејски јазик.* [...] *Одевме и на летувања и слично. Главно, многу културна организација беше Хашомер Хацаир*".[7]

Средината во која ја минал својата младост во Сараево Бенјамин ја опишува како многу добра и културна.[8] За другарувањето во својата младост говори исклучиво во суперлатив, истакнувајќи го постоењето на крајно меѓусебно почитување: „*Друштвото наше беше секакво. Тука беа и муслиманите, и Србите, и ние. И многу добро се согласувавме.* [...] *Главно сите убаво живеевме. Ни беше убаво целото наше време сѐ додека не дојде таа војна*".[9]

Пред Втората светска војна, на територијата на Кралството Југославија биле регистрирани 117 еврејски општини, од кои 105 биле зачленети во Сојузот на еврејските вероисповедни општини на Југославија, а 12 биле зачленети во Здружението на еврејски ортодоксни општини. Во Кралството Југославија во 1938 година биле регистрирани вкупно 71.342 Евреи.[10] На територијата на Босна и Херцеговина пред започнувањето на војната во 1941 година биле регистрирани 20 Еврејски вероисповедни

[5] Најмалата сестра сѐ уште не била доволно возрасна да биде вклучена во активностите на еврејските младински организации. Ibidem.

[6] Ibidem.

[7] Ibidem.

[8] Ibidem.

[9] Ibidem.

[10] Pinto 1987, 18.

општини. За бројната состојба на нејзиното членство во достапната научна литература постојат различни изнесени податоци. Од информациите со кои располагаме во моментов, сметаме дека бројот на еврејската популација изнесувала околу 14.000 лица. Се проценува дека во Сараево живеело околу 80% од нејзиното членство.[11]

Премиерот Драгиша Цветковиќ и министерот за надворешни работи Александар Цинцар - Марковиќ заедно со претставниците на Германија, Италија и Јапонија, на 25 март 1941 година во дворецот Белведере во Виена го потпишале таканаречениот „Виенски протокол“[12] за пристапување на Југославија кон Тројниот пакт.[13] Заедно со протоколот за приклучување на Кралството Југославија кон Тројниот пакт биле потпишани и следниве ноти: за почитувањето на суверенитетот и територијалниот интегритет на Југославија; за одрекување од барањата за преминување на трупите и за превоз на воениот материјал преку територијата на Кралството Југославија; одрекување од правата на Германија и Италија да бараат воена помош од Југославија, како и посебна тајна нота за даденото ветување од страна на Германија дека Солун ќе ѝ биде отстапен на Југославија.[14]

Заднината за ваквите големи ветувања била во тоа што, и за нападот на Грција (воен план „Марита“), и за нападот на СССР (воен план „Барбароса“) на Хитлер од особено значење му било Југославија – или да биде на негова страна, или да биде неутрална. Меѓутоа, со прифаќањето на Виенскиот протокол, југословенската влада предводена од Цветковиќ и Мачек пристапила кон силите на Оската без одобрение од народот.[15] Следниот ден, на 26 март, премиерот Цветковиќ и министерот за надворешни работи Цинцар-Марковиќ се вратиле во престолнината.

---

[11] Pinto 1987, 18; Softić-Kaunitz 2017, 21–22.

[12] Čulinović, 1968, 346–347.

[13] Протоколот кој го потпишале германскиот министер за надворешни работи, Јоахим фон Риббентроп, италијанскиот министер за надворешни работи, грофот Галеацо Ќано, и јапонскиот пратеник, Ошима, од една страна, како и југословенскиот министер, претседателот Цветковиќ, и југословенскиот министер за надворешни работи, Цинцар – Марковиќ, од друга страна, за пристапувањето на Југославија кон трите велесили Германија, Италија и Јапонија, од 27 септември 1940 година гласи: *„Владите на Германија, Италија и Јапонија од една страна, и владата на Југославија од друга страна, со своите потпишани ополномоштеници го утврдуваат ова: Член 1. Југославија му пристапува на Пактот кој е потпишан во Берлин на 27 септември 1940 година...“*. Čulinović 1970, 39; Stojković 1998, doc. 327, 470.

[9] Čulinović 1958, 132–137; Čulinović 1961, 171–194; Lukač 1982, 478.

[15] Stavrijanos 2005, 722.

Многу факти упатуваат на заклучок дека владите во Рим и Берлин имале основа да поверуваат дека по потпишувањето на „Виенскиот протокол“, Кралството Југославија го потчиниле под својот диктат.[16]

Меѓутоа, ваквата илузија на Оската набрзо била разбиена од југословенскиот дваесет и седми март. Настаните кои следувале, укажале дека владата на Цветковиќ-Мачек не можела да наметнува југословенска политика која била потполно спротивна од основните гледишта и интереси на земјата и народот. На 27 март, на полноќ, како реакција на потпишувањето на Договорот за пристапувањето на Југославија кон Тројниот пакт, група составена од копнени и воздухопловни воени сили, антигермански и антифашистички ориентирани, собрани околу командантот на авијацијата, генерал Душан Симовиќ,[17] поточно околу неговиот помошник, генерал Боривој Мирковиќ,[18] извршиле државен удар, ја урнале владата, ги уапсиле сите нејзини министри кои таа ноќ биле затекнати во Белград, вклучувајќи го тука и Драгиша Цветковиќ,[19] и барале поништување на потпишаниот Договор.[20] Рано изутрината, принцот Павле Караѓорѓевиќ, под притисок на народот и пучистите, дал оставка од положбата намесник. Истиот ден, пред полноќ, принцот Павле заед-

---

[16] Според Ќановите белешки, Хитлер за овој „Виенски протокол“ изјавил дека *„Пристапувањето на Југославија кон Тројниот пакт е од најголема важност со оглед на идните воени германски операции во Грција, а подоцна и за напад на Советскиот Сојуз. Дволичното држење на Кралството Југославија значело оставање отворена цела страна на германската армија во длабочина од 350 км. Од друга страна пак, непријателска акција од страна на Југославија би послужила како повод за интервенција на Турција, а тоа би можело да го загрози развојот на настаните на воените операции на Балканот...“. Tajni arhivi grofa Ciana (1936-1942)*, 1952, 454.

[17] Душан Симовиќ, генерал и политичар. Роден во 1882 година во Крагуевац. Учествувал во Балканските војни и во Првата светска војна. Меѓу двете светски војни бил началник на Генералштабот и командант на воздухопловството. Кога групата офицери на 27 март 1941 година ја соборила владата предводена од Цветковиќ-Мачек, станал нов претседател на владата. Но, новата влада на Симовиќ битно не ја сменила политиката на претходниот режим и тактизирала со силите на Оската, изјавувајќи дека го прифаќа Договорот за пристапување на Југославија кон Тројниот пакт. За време на Априлската војна емигрирал заедно со кралот Петар II Караѓорѓевиќ. Останува на чело на емигрантската влада сè до 1942 година. Во 1944 се изјаснил за Договорот Тито – Шубашиќ, а во мај 1945 година се вратил во земјата. Починал во 1962 година во Белград.

[18] Krizman 1981, 5.

[19] Nešović 1983, 35.

[20] *Односи Југославије и Русије (СССР)*, 1996, док. бр. 7, 20.

но со својата фамилија, го напуштил Белград и заминал за Атина.[21] Младиот Петар Караѓорѓевиќ бил прогласен за полнолетен и крунисан за крал Петар II Караѓорѓевиќ. Тој веднаш објавил дека ја презема власта во свои раце, а на генералот Симовиќ „му го доверил мандатот" за формирање на нова влада која себеси се нарекувала „Влада на национално единство".[22] Во рок од час и половина пучистите ги запоседнале сите владини згради, радио станиците и касарните. Власта ја преземала воена влада. На нејзино чело стоел генералот Душан Симовиќ, кој го предводел државниот удар.[23] Јавното мислење било одлучно против капитулацијата пред силите на Оската и ваквата состојба јасно го отсликувала расположението на народот против Германија. Воениот преврат објективно во целина бил насочен против Германија и секако ги јакнел позициите на Велика Британија на Балканот. Светот бил изненаден и воодушевен од бурната реакција во Југославија. Самиот расплет на случувања од 27 март ја зацртале како неизбежна германската одлука за воена агресија врз Кралството Југославија.

Југословенската територија во воен поглед била поделена на 6 армиски и на 16 дивизиски области. Ефективите на југословенската војска на 27 март 1941 година изнесувале околу 600.000 војници, или 1/3 од вкупниот број предвидени за мобилизација, со можност да се мобилизираат уште толку за оперативните и околу 500.000 за резервните единици.[24] Генералштабот на војската, соочен со очигледноста на состојбата, на 27 март предложил објавување на општа воена мобилизација на полнолетното население, како прва мерка која предвидувала југословенската војска да ја пресретне очекуваната воена агресија. Но, ваквиот изнесен предлог бил одбиен од новата југословенска влада, поради страв дека со таквата одлука на Германија ќе ѝ даде повод за воен напад.[25]

---

[21] Тој се согласил со југословенското пристапување кон Тројниот пакт. Таквиот акт предизвикал револт кај народот, како и кај поголемиот дел од воениот врв; Чепреганов 2000, 96.

[22] *Односи Југославије и Русије (СССР)*, док. бр. 8, 21–22; док. бр. 12, 27–29; Nešović 1983, 34.

[23] Интересен е податокот за различноста во ставовите на предводењето на државниот удар кај еминентните историчари кои се занимаваат со оваа проблематика. Така на пример, Ставријанос во своето дело *Balkan posle 1453. godine* вели дека Душан Симовиќ бил тој што го предводел државниот удар, додека пак Богдан Кризман во *Jugoslovenske vlade u izbeglištvu 1941-1943* вели дека државниот удар цело време, до самиот крај, го предводел Боривој Мирковиќ. Тој тврди дека Симовиќ пристигнал на самиот крај од случувањата, кога горе-долу сè било завршено; Krizman 1981, 5.

[24] Терзић 1963, 358; Strugar 1978, 12.

[25] Petranović 1992, 90–91.

Со оглед на воената состојба во која се наоѓала Европа и дел од Балканот во 1941 година, југословенскиот политички врв правел огромни напори што е можно подобро да ја прикрие реалната опасност од воена инвазија на сопствената земја, за што сведочат низа политички одлуки преземени во период од само неколку дена.[26] Наместо општа мобилизација, Министерството на војската и морнарицата на Кралството Југославија, на 27 март 1941 година, издало наредба за активирање на воени единици кое опфаќало: трупи за затварање на границите, единици за осигурување на внатрешноста на територијата, посадни трупи, полициски единици и единици за рушење и препречување.[27] Три дена подоцна, на 30 март, била издадена наредба за општо мобилизирање, со тоа што првиот ден на активирањето на оваа наредба да биде 3 април 1941 година.

Општото мобилизирање се изведувало според мирновременски прописи, при што било забавено неговото изведување. Многу воени единици кои со наредбата од 27 март требало да бидат активирани, до 6 април не биле целосно пополнети според нивниот формациски состав.[28] На 1 април 1941 година било издадена наредба Штабот на јуришната команда да се претвори во Штаб на четничка команда, неговото седиште да се премести од Нови Сад во Краљево, и четничките единици да почнат да се подготвуваат според принципите за четничко војување.[29] На владината седницата одржана на 3 април 1941 година, од страна на Богољуб Илиќ, со цел да не се крева паника меѓу населението и да се спречи масовно иселување од градот, било поднесено барање за донесување забрана за иселување од Белград.[30] Низа на вакви непромислени одлуки биле иницирани или изгласани од југословенската влада деновите пред започнувањето на германската воената инвазија и нејзините сојузници против Кралството Југославија.

Споредувајќи ги информациите со кои располагаме, Бенјамин Самоковлија е едно од лицата кои биле опфатени со првиот повик за мобилизација на одредените воени единици. *„Знам само тоа дека бев повикан, мобилизиран и кога треба да се јавам. Јас тука едно 7-8 дена се подготвував“*, изнесува Самоковлија во неговото интервју. За сериозноста на ситуацијата во која се наоѓала земјата, Бенјамин Самоковлија кој то-

---

[26] Petranović 1992, 89.

[27] Ibidem, 91.

[28] Тешић 1996, 149; Petranović 1992, 91.

[29] Petranović 1992, 91.

[30] Ibidem, 89.

гаш бил на 23-годишна возраст, а веруваме и добар дел од неговите врсници, речиси и да не биле свесни. „*Воопшто ништо не ни претчувствував*“ изнесува Самоковлија, „*ниту пак мислев нешто. Тоа сè некако беше, како да ви кажам, една „ад хок“ работа. И можам да ви кажам дека јас воопшто не мислев дека тоа ќе биде моја последна средба и со моите родители и со сè друго, дека јас никогаш нема да се вратам во тоа мое Сараево. Најдобар пример за тоа Ви е, додека се пакував што ќе носам, дојдов до тоа дека ќе го носам и апаратот, и фотографскиот апарат со себе го понесов. Тоа нема да го заборавам. Што ми требаше? А не мислев дека до такво нешто ќе дојде, дека тука нема враќање. Тоа ви е најдобар пример. Така што, никој не помислуваше како сето тоа ќе заврши*“.[31]

Во деновите пред мобилизирањето на населението во војската на Кралството Југославија, биле организирани состаноци меѓу напредната еврејска младина и во рамките на еврејското друштво „Хашомер Хацаир“, на кои биле изнесени насоки за правецот на дејствување и идејни планови. Меѓу останато, од раководните лица на состаноците, на присутните им била дадена насока со која се барало, штом се даде поволна можност да ги напуштат нивните воени позиции со цел да се формираат свои воени единици. „*Меѓутоа, пред да одиме*“, истакнува Самоковлија, „*имавме состанок исто така во Хашомер Хацаир, а исто така и меѓу младината, напредната младина, каде ни кажаа, доколку отидеме во војска, да гледаме што поскоро да побегнеме, да се извлечеме, за да можеме да формираме некои наши единици за да се борат за нешто напредно. Нешто веќе беше тогаш почнато. И така добивме директиви што поскоро да се повлечеме од војската*“.[32] Поради недостиг на информации, не сме во можност да утврдиме кој точно стоел зад ваквите преземени иницијативи меѓу еврејската младина.

Бенјамин Самоковлија бил мобилизиран во војската во Кралството Југославија на 5 април 1941 година.[33] „*Мобилизација беше. Јас се пријавив. Нè примија во касарната и понатаму нè однесоа во еден град* [...] *Таму веќе се спријателивме со луѓе и веќе се јавуваа поединци*“.[34] Ин-

---

[31] https://collections.ushmm.org/search/catalog/irn512723. Проверено на 1.10.2022 година.

[32] https://collections.ushmm.org/search/catalog/irn512723.

[33] Архив на Македонска Академија на Науките и Уметностите. Фонд: Матковски Александар. Кутија XXII. Архивска единица 132. 1976. Јануари 27, Скопје. Биографија на Бенјамин Самоковлија – Дамјан (лично напишана). Ракопис, машинопис 4 листови. (натаму: Архив на МАНУ. Фонд: Матковски Александар. Кутија XXII. А.Е. 132.

[34] https://collections.ushmm.org/search/catalog/irn512723; Storm 1992, 18. Името на градот во неговите сеќавања не е наведено.

формациите за напад врз Кралството Југославија веќе струеле низ јавноста. Присутното мобилизирано население дефинитивно било загрижено, а меѓу нив постоеле и лица кои меѓусебе разговарале за напуштање на воените редови „ [...] *другари, мораме да бегаме, ќе има војна тука...*“, информира Самоковлија. Воената единица во чиј состав бил и тој, добила наредба да се премести на друга локација „ [...] *во некое село, надвор од касарната*“. За време на нејзиното преместување, Самоковлија наведува дека неговата единица не била вооружена. По пристигнувањето на новата локација, тој истакнува дека на тоа место пристигнала “[...] *врска која ни кажа – тука и тука ќе се одвоите, и бегајте од нив и одете во тој и тој правец. И така и беше*“.[35]

Одделувајќи се од воената единица, Самоковлија заедно со уште еден војник се упатиле кон планината Озрен каде случајно се сретнале со група војници и офицери предводени од поручник Ратко Мартиновиќ.[36] За нивната прва средба, Самоковлија изјавува, „ [...] *наиде еден офицер и нè праша, каде одиме? Му кажавме дека се извлековме од војската и дека сега одиме кон Србија, да видиме каде ќе одиме и што ќе правиме. Добро, одиме заедно. И со него отидовме*“.[37] Бенјамин Самоковлија заедно со групата војници и офицери предводени од поручник Мартиновиќ[38] се упатиле кон Кокин Брод во Србија.[39] Воената единица на Кралството Југославија во која Самоковлија бил регрутиран, на 12 април 1941 година се предала на Германците во Грачаница, Боска, БиХ.[40]

---

[35] https://collections.ushmm.org/search/catalog/irn512723.

[36] Архив на МАНУ. Фонд: Матковски Александар. Кутија XXII. А.Е. 132.

[37] https://collections.ushmm.org/search/catalog/irn512723.

[38] Ратко Мартиновиќ (Бања Лука, 16 мај 1915 – Белград, 9 мај 1993). Капитулацијата на војската на Кралството Југославија го затекнала како поручник во 33 пешадиски полк од Врбаската дивизија, кој се распаднал кај Добој. По завршувањето на априлската војна, заедно со уште неколку војници одлучил да се повлече од Босна и Херцеговина и да се упати кон Србија, со цел да се приклучи во борбата против Германците. На 21 април 1941 година во близина на Хан Пијесак се среќава со Драгољуб Дража Михаиловиќ кој предводел поголема група офицери, подофицери и војници. На 24 април Ратко Мартиновиќ ја преминал Дрина, се префрлил на територијата на Србија и се упатил кон Равна гора. Во групата на полковникот Дража Михаиловиќ останал се до средината на август истата година. Бидејќи не се согласувал со неговиот став во однос на борбата против окупаторот, Мартиновиќ ја напушта Равна гора и му се приклучува на Ваљевскиот партизански одред. Војната ја завршува со чин полковник. По ослободувањето извршувал високи воени функции и бил унапреден во генерал полковник. Мартиновић 1979, 5–12.

[39] https://collections.ushmm.org/search/catalog/irn512723.

[40] Архив на МАНУ. Фонд: Матковски Александар. Кутија XXII. А.Е. 132.

Германската агресија против Кралството Југославија започнала во раните утрински часови на 6 април 1941 година без претходно објавување на војна.[41] На нападот му претходеле сурови воздушни бомбардирања од Јуришната група на „Wehrmacht Derap", која полетала од романскиот остров на Дунав, Гол.[42] Околу пет часот наутро, ескадрилите на германските *Luftwaffe* жестоко ги бомбардирале аеродромите во Скопје, Куманово, Ниш, Загреб, Брежица и Љубљана.[43] Воените аеродроми, касарните, железничките станици биле речиси целосно разурнати, така што сообраќајот во голем дел на територијата од Кралството Југославија бил оневозможен. Тие воздушни удари посебно тешко ја погодиле југословенската кралска војска бидејќи во тој момент таа не била потполно мобилизирана, а нејзиниот најголем дел бил концентриран на север.

Германската војска ја нападнала Југославија почнувајќи од два заемно многу оддалечени концентрациски простори: од пределот Чаковец - Грац во Штајерска и од Западна Бугарија. По преминувањето на штајерската граница, германските сили од Штајерска нападнале во општ правец кон Загреб, а 12 германска армија извршила напад од територијата на Бугарија во општ правец кон запад и северозапад на бугарско-југословенската граница. Во исто време италијанската војска нападнала во општ правец кон Љубљана и Хрватска по должина на Јадранското море.[44]

Главниот град Белград, иако на 3 април бил прогласен за отворен град, бил подложен на еден од дотогаш најтешките и најсурови германски воздушни напади на еден град извршени во текот на еден ден. Човечките загуби во овие напади се проценуваат на 15.000 до 25.000 жртви.[45]

Германската превласт во воздухот го расчистила патот за брза и решавачка операција на воените моторизирани дивизии. Тие од различни страни се усмериле кон четирите југословенски корпуси на север. 2

[41] Иако постоеле многубројни доверливи информации дека Германија се подготвувала да ја нападне Југославија, сепак југословенската кралска влада не сакала да ги прифати тие информации како вистинити. Еден од многуте примери е и доверливата информација добиена на 5 јуни од британското воено аташе во Белград, потполковник К. С. Кларк, во која била наведено дека германскиот напад непосредно претстоел. Krizman 1981, 9; Marić 1966, 40–41.

[42] Marić 1966, 36.

[43] Ibidem, 37.

[44] Papagos 1954, 324–325.

[45] Stavrijanos 2005, 723.

германска армија од 6 до 10 април успеала да завладее со низа значајни отпорни точки во северна Хрватска и Словенија, а на 10 април преминала во општа офанзива, не наидувајќи речиси на никаков посериозен отпор од страна на 4 југословенска армија, која била внатрешно слаба и растроена.[46]

На 7 април била издадена Наредба за општа воена мобилизација на војската на Кралството Југославија заедно со прокламација од Врховниот командант со која официјално се објавила војна против силите на Оската. Издадената Наредба за мобилизација не постигнала никаков резултат, бидејќи воената агресија врз територијата на Кралството Југославија веќе била започната.[47]

На 10 април, 2. германска армија влегла во Загреб. Истата вечер, група припадници на хрватската фашистичка организација, предводени од пензионираниот австроунгарски Генералштабен полковник Славко Кватерник, во име на водачот на фашистичките хрватски *усташи* Анте Павелиќ, кој се наоѓал во Италија, преку загребската радио станица го прогласил создавањето на марионетската Независна Држава Хрватска.[48]

На 11 април, од страната на Германија во војната против Југославија, се приклучила и Унгарија. Унгарскиот регент Миклош Хорти ноќта меѓу 10 и 11 април издал прокламација по повод војната против Југославија, која се темелела на псевдоправна аргументација и целосно лажирани мотиви. Унгарската војска ја преминала границата меѓу Дунав и Тиса, како и во пределот на Барања, западно од Дунав, и навлегла на југословенската територија.[49]

Во Србија, германските единици прво ги зазеле Ниш, Параќин и Ќуприја, а вечерта на 12 април непријателските претходници влегле во напуштениот Белград. До 13 април Германија ги зазела Војводина, Словенија, Хрватска и Западна Босна до линијата Карлобаг – Госпиќ – Бихаќ – Костајница.[50]

---

[46] Тоа било резултат пред сè на неподготвеноста за одбрана на Врховната воена команда, недостигот на модерно вооружување, успешноста на усташката пропаганда и на бунтовите кои биле организирани од истата, како на пример во градовите Бјеловар, Мостар и Сремска Митровица; Marić 1966, 59.

[47] Petranović 1992, 92.

[48] Marić 1966, 55; Stavrijanos 2005, 724; *Balkanski ugovorni odnosi...,* doc. 335, 489–490; Plenča 1962, 50.

[49] Čulinović 1970, 13; Petranović 1985, 44; Papagos 1954, 324-325.

[50] Marić 1966, 58.

Во меѓувреме, останатите германски дивизии уште побрзо напредувале низ слабата одбрана во Кралството Југославија, не наидувајќи на некој посериозен отпор. Врховната команда на југословенската војска се покажала неподготвена за одбрана на земјата и не успеала да оствари раководство врз воените трупи под нејзина команда. Директивите и наредбите кои ги издавала биле со големо задоцнување, а често и не одговарале на реалната ситуација на фронтот. Од 14 до 17 април дошло до целосен распад на југословенската војска на сите фронтови. Поразот го потпомогнала и петтата колона. Германските армии експресно напредувале, а југословенската влада, која требала да го предводи Кралството во тие тешки моменти, била во бегство. Во земјата завладеал целосен хаос, неорганизираност и национално предавство.

Централниот Комитет на Комунистичката партија на Југославија, предводена од Јосип Броз Тито, на 15 април 1941 година формирал Воен комитет, кој независно од претходните одлуки на југословенската влада имал за цел да го одреди начиниот и водењето на Народноослободителната борба. На советувањето на ЦК на КПЈ кое се одржало од 3 до 6 мај 1941 година во Загреб, бил донесен заклучок дека единствено југословенските комунисти се способни да го преземат понатамошното предводење на југословенскиот народ и да продолжат со повикување и организирање на лица кои ја сакаат својата татковина, предани на својот народ во борба против окупаторот и колаборационистите.[51]

Една недела подоцна, на 11 мај 1941 година, на Равна Гора во Западна Србија, се формира воен штаб кој бил предводен од генералштабниот полковник Драгољуб Дража Михаиловиќ, поддржан од воена група составена од 26 офицери и подофицери, со цел да поврзе и организира поединци и групи кои биле подготвени да го продолжат отпорот против окупаторот.[52]

По пристигнувањето во Кокин Брод, Бенјамин Самоковлија заедно со групата војници и офицери предводени од поручник Мартиновиќ[53] се упатиле на Равна Гора, каде *„го најдовме штабот на Дража Михаиловиќ“*.[54]

---

[51] Jelić 1984, 1–18.

[52] Цветковић 1996, 121; денес во научната јавност постојат различни податоци и несогласувања околу точниот датум кога првата група од офицери и подофицери пристигнала на Равна гора, дали тоа било на 8, 11 или 13 мај 1941 година.

[53] Мартиновиќ во неговите сеќавања споделува информации за разговорот кој го водел со Самоковлија: *„Црномурестиот војник Бенјамин се протурка до мене. Се обиде да зборува, но секогаш некој ни пречеше, а тој не сакаше никој да слушне за што сака*

За неговата прва средба со Равногорскиот штаб Бенјамин изнесува: „*Средбата беше што да ви кажам. Тој очекуваше дека ќе дојдат луѓе* [се мисли на Д. Михаиловиќ, н.з.] ... *Имаше свој штаб ... Како тоа ние не го знаевме*“ се прашува Бенјамин, “ [...] *доста луѓе му доаѓаа поради соработка, поради договори и сето тоа*“.[55] За впечатокот кој го стекнал за Дража Михаиловиќ за време на неговиот престој во Равногорскиот штаб, тој вели: „*Тоа е еден човек кој се правеше многу важен, а ништо не видовме дека нешто оди напред, дека нешто организираше и сето тоа. Само водеше преговори и бараше пари. И му доаѓаа маса луѓе на тие разговори. Во него имаа голема доверба, тоа е чудо едно. Тој, на пример, веќе беше одлучил да соработува со четниците и себеси се прогласи за генерал. Меѓутоа, дојде еден негов пријател, и кога му рече, ти не си генерал, јас можам да бидам генерал, јас сум именуван генерал, ти никогаш не си именуван. И остави ми го тоа мене, јас тоа да го организирам. Не може. Тој тоа не го даде. Тој сѐ водеше понатаму.*“[56]

За дел од преземените активности од страна на Дража Михаиловиќ и за неговите деца, Самоковлија истакнува дека, „*Се поврза со Белград и со фашистите долу. Исто така и со владата, која беше надвор од Србија. Така што, тие му испраќаа пари. Што сѐ немаше тука, сѐ и сешто. Доаѓаа после и Германците, и кој сѐ не доаѓаше на разговори и преговори. Но, тој војна не виде. Имаше две деца, син и ќерка, кои беа држени во куќен притвор во Белград од фашистите. И тука, тој многу жалеше што ги нема, а ние таму чекавме што ќе биде*“.[57]

---

*тој со мене да разговара. Дури на еден состанок се одвоив малку на страна и го повикав Бенјамин да ми донесе цигари ако има. Знаев дека во комората има. Кога запалив, го прашав што сакаше да ми се пожали? Бенјамин уште малку се воздржуваше, и тогаш, како да скина голем камен од вратот, рече: „Господине поручник, видов и слушнав дека вие не го симпатизирате Љотиќ“, застана, а јас го поддржав додавајќи онака како што мислев: „Љотиќ би сакал да биде југословенски Хитлер“. „Видете господине поручник“, продолжи Бенјамин „Јас сум Евреин и уште Германците не ја окупираа цела Југославија, а мене веќе ме разоружа поручникот Ленац. Ме одреди за готвач и ми се закани дека во првата прилика ќе ме избрка“. „Па што можам јас тука да ти помогнам“? „Би ве замолил да бидам во вашата група“. Долго се замислив, гледајќи во празно, во иднината која не можев да ја знам. Бенјамин побрза за да не го праша некој што разговарал со мене“.* Мартиновић 1979, 92.

[54] https://collections.ushmm.org/search/catalog/irn512723;

[55] Ibidem.

[56] Ibidem.

[57] Ibidem.

За време на неговиот престој во Равногорскиот штаб, поради целокупната антисемитска политика која се водела против еврејското население од самиот почеток на војната во Југославија, Бенјамин Самоковлија стравувал од можните последици поради своето потекло: *„Па јас бев во страв, прво како Евреин, а второ не знаев што сè ќе биде, дали ќе има војна или нема да има војна“*.[58] Но, за среќа, поради целокупната антисемитска политика која била спроведувана во Југославија, неговата етничка припадност не му предизвикала проблеми за време на неговиот престој во Равногорскиот штаб. После извесен временски период, Самоковлија бил назначен за готвач во Штабот на Дража Михаиловиќ. За неговата нова должност, тој наведува дека неговата работа не била напорна: „[...] *Продукти имав секој ден, колку сакам. Секој ден му носеа селаните од разни села. Тој многу добро живееше тука. Сè и сешто имаше. Така што, тука немаше никакви маки*“.[59]

За првите контакти со партизаните во Равногорскиот штаб, Бенјамин Самоковлија информира дека ги имал со извесен *„Јовановиќ од Валевскиот партизански одред“* кој имал задача да оствари контакт и да создаде простор за заедничка соработка со Дража Михаиловиќ. Покрај овие насоки, Јовановиќ имал и задача внатре во Штабот, да *„создаде организација на напредни другари“*. Оваа обврска ја презел поручникот Мартиновиќ, а Самоковлија, добил задолжение *„да следам кој доаѓа“* и доколку се создаде можност да прислушува *„евентуални разговори“*.[60] Неговата нова должност како готвач во Штабот и тоа како му овозможила успешно да ја извршува зададената задача. *„Јас сè знаев што работи тој“* изнесува Самоковлија, *„бидејќи таму каде што беше кујната, до кујната беше неговата соба, и преку вратата сè се слушаше како, вреви, како се договара и сите тие нешта. Така што, нашите напредни другари кои исто одржуваа врска со него, доаѓаа често. Јас нив ги информирав каква е ситуацијата“*.[61]

Во временскиот период од јуни до јули 1941 година, Равногорскиот штаб го посетил Родољуб Чолаковиќ, кој бил испратен по директива од Главниот штаб на Народноослободителната војска и партизанските одреди на Југославија *„на разговори за соработка. И во таа прилика, имав разговор со другарот Чолаковиќ, кој ми рече да држам врска со*

---

[58] Ibidem.

[59] Ibidem.

[60] Архив на МАНУ. Фонд: Матковски Александар. Кутија XXII. А.Е. 132.

[61] https://collections.ushmm.org/search/catalog/irn512723.

*др.*[*угарот*] *Мартиновиќ, кој е нашиот човек*“.[62] За овие настани сведочи и самиот Мартиновиќ: „*Бенјамин неколкупати се обѕрна околу себе и тивко, речиси шепотејќи ми рече – 'Разговарав со доктор Јовановиќ, кој ми рече дека Вам можам да ви верувам, бидејќи и вие сакате во борба'. Се замислив за да се сетам кога можел докторот Јовановиќ да разговара со Бенјамин и едвај се сетив*“. Исто така, во друга прилика Јовановиќ на Бенјамин му рекол: „*Ти, другар, си Евреин, чувај се, тебе овде не ти е местото*“ и додал дека треба да се поврзе со Мартиновиќ.[63]

Во Равногорскиот штаб Бенјамин Самоковлија се задржил до втората половина на 1941 година, кога групата „*напредни другари од Босна баравме да одиме за Босна*“. Нивното барање, „*Дража Михаиловиќ да ги пушти Босанците да одат во Босна и таму да се борат*“ било пренесено од поручникот Мартиновиќ. „*Тој тоа го прифати*“ изнесува Самоковлија, „*и нè остави нас 20-30* [лица], *нè пушти да си одиме*“.[64]

Пред да ја напуштат Равна гора, кон средината на август, Бенјамин Самоковлија остварил средба со поручник Мартиновиќ, на која Самоковлија го замолил да го поведе со него. „*Бенјамин, кој беше готвач во „горниот штаб“ и на кого од порано му ја одземаа пушката само затоа што е Евреин, се разбира, под изговор дека на готвач пушка не му треба, знаеше доста за сè што се работеше на Равна гора...*“.[65] Но, сепак, молбата на Самоковлија не била исполнета.

На 20 август 1941 година Бенјамин Самоковлија и останатите членови од групата го напуштиле Равногорскиот штаб и се упатиле кон Крупањ, каде учествувале во борбите за негово ослободување. Оттаму се упатиле кон Лозница.[66] Некаде по пат, не располагаме со информација точно каде, Самоковлија и групата успеале да се приклучат на партизаните. На 1 септември 1941 година учествуваат во битката за ослободување на Лозница.[67]

Во своите сеќавања Мартиновиќ ја опишува последната средба што ја имал со Самоковлија во Лозница, каде меѓу другото вели: „*Тогаш не инсистираше да остане со мене, бидејќи го влечеше желбата да биде*

---

[62] Архив на МАНУ. Фонд: Матковски Александар. Кутија XXII. А.Е. 132.

[63] Мартиновић 1979, 243-244.

[64] https://collections.ushmm.org/search/catalog/irn512723.

[65] Мартиновић 1979, 196.

[66] Во близина на Крупањ во нивниот одред се приклучил Владо Зечевиќ. Архив на МАНУ. Фонд: Матковски Александар. Кутија XXII. А.Е. 132.

[67] Фонд: Матковски Александар. Кутија XXII. А.Е. 132; https://collections.ushmm.org/search/catalog/irn512723.

*некаде поблиску до Сараево. Се надеваше дека ќе најде некого од семејството. Не го задржував и така се разделивме. Од тогаш, Бенјамин доживеал многу тешки моменти*“.[68]

По ослободувањето на Лозница, Бенјамин Самоковлија заедно со партизанскиот одред се упатиле кон рудникот Зајача каде заедно со Мачванскиот партизански одред[69] учествувале во уривањето на објектите во рудникот,[70] „ [...] *а од таму водевме уште некои борби. Во тоа исто време кога бевме таму, беше одржано советување, прво советување во Столице.*“[71] За време на советувањето на Столице,[72] Бенјамин добил задолжение да биде дел од обезбедувањето.[73]

Од рудникот Зајача, Бенјамин Самоковлија е испратен како курир за Љубовија.[74] Но, попат бил пресретнат од „четничка заседа“. Бил заробен и физички малтретиран. „*Во сослушувањето тврдеа дека сум поручник Мартиновиќ и бараа од мене да признаам. И покрај сите тортури да признаам, два часа ме држеа во клечечка положба и со кама ме подвлекуваа под грлото. За среќа, еден офицер наиде и истиот потврди дека јас не сум Мартиновиќ*“, кој во меѓувреме бил „*осуден на смрт од Д.*[*ража*] *М.*[*ихајловиќ*]“.[75]

За овој настан пишува и Мартиновиќ, „*Во Љубовија некој го тужел Самоковлија на четниците дека тој е поручник Мартиновиќ, веро-*

---

[68] Мартиновић 1979, 311.

[69] При средбата со Мачванскиот одред, Бенјамин Самоковлија се среќава и со еден од водачите на востанието во Србија во 1941 година, народниот херој Живорад Жикица Јовановиќ - Шпанац (1914–1942). Архив на МАНУ. Фонд: Матковски Александар. Кутија XXII. А.Е. 132; https://collections.ushmm.org/search/catalog/irn512723.

[70] Интересно е да се напомене дека пред да ги разрушат постројките во рудникот Зајача, Бенјамин заедно со мачванските партизани изработувал бомби од водоводни цевки и ексползив. Мартиновић 1979, 312.

[71] Архив на МАНУ. Фонд: Матковски Александар. Кутија XXII. А.Е. 132; https://collections.ushmm.org/search/catalog/irn512723.

[72] Советувањето во Столице било одржано на 26 септември 1941 година. Со него раководел Јосип Броз Тито. На него, меѓу останатото било заклучено: да се пристапи кон изградба на поцврста воена организација по пат на формирање на чети и баталјони, потоа организирање на штабови, регулирање на снабдувањето на војската, згрижување на ранетите, формирање на слободна територија и изградба на нови органи на власта, односно народноослободителни одбори. Дотогашниот Главен штаб на НОВ и ПОЈ бил именуван како Врховен штаб. Сите борци добиле единствено име, партизани, а воените одреди, партизански одреди.

[73] https://collections.ushmm.org/search/catalog/irn512723.

[74] Архив на МАНУ. Фонд: Матковски Александар. Кутија XXII. А.Е. 132.

[75] Ibidem.

*јатно затоа што и тој веќе имал мала црна брада. Бидејќи го тепале за да признае дека е поручник Мартиновиќ, четниците го врзале и му ставиле кама под грло, заканувајќи се дека ќе заколат. Сосема случајно наишол некој четнички офицер кој ме познавал мене и им рекол дека врзаниот не е поручникот Мартиновиќ*“.[76]

По неговото ослободување, Самоковлија се упатил во Сребреница каде се сретнал со Ратко Дугониќ, кој го поставил да работи во „заднина“ со Васко Мискин – Црни.[77] По повлекувањето од Сребреница, Самоковлија се префрла во Босна, каде стапува во редовите на Власеничкиот одред, кој подоцна прераснал во Босанска бригада и учествувал во разни борби на територијата на Босна и Херцеговина.

Со започнувањето на четвртата непријателска офанзива на НОВЈ, Бенјамин заедно со неговата единица се упатиле кон Неретва.[78] „*На Неретва имаше големи борби... По преминувањето на реката, на патот кон Калиновиќ, нашата десетина ненадејно беше опколена од Германци*“.[79] Воената единица во која учествувал и Самоковлија била заробена од германската војска и одведена во затвор во Зеница. За деновите минати во затворот, Самоковлија сведочи дека биле малтретирани: „*Доста нѐ тормозеа и исхраната беше многу слаба, така што доста се измачивме*“.[80] Тука Самоковлија бил задржан околу еден месец, кога пристигнала наредба со која 600 затвореници биле испратени во концентрационен логор во Грција. Во административните книги на затворот во Зеница, Бенјамин Самоковлија бил регистриран под името Дамјан Поповиќ.[81]

Логорот во Грција во кој бил преместен Самоковлија бил „Pavlos Melas“, раководен од Гермаците, и се наоѓал во близината на Солун. Еден од командантите во логорот бил Курт Валдхајм.[82] По самото при-

---

[76] Мартиновић 1979, 312.

[77] Ibidem; Васо Мискин - Црни (Оращје, Требиња, 14 јануари 1916 - Сараево, 8 јули 1945). Учесник во Народноослободителната и антифашистичка војна во Југославија. Прогласен за Народен херој на Југославија.

[78] Битката на Неретва, позната уште и под името Битката за ранетите, е една од најзначајните битки во НОВЈ, која се водела од 20 јануари до 3 април 1943 година.

[79] https://collections.ushmm.org/search/catalog/irn512723.

[80] https://collections.ushmm.org/search/catalog/irn512723; Мартиновић 1979, 311-312.

[81] Архив на МАНУ. Фонд: Матковски Александар. Кутија XXII. А.Е. 132.

[82] Курт Јозеф Валдхајм (Kurt Josef Waldheim), (Санкт Андре-Вердерн, близу Виена, Австрија, 21 декември 1918 - Виена, 14 јуни 2007). Австриски политичар, доктор по правни науки и дипломат. Ја извршувал функцијата Министер за надворешни работи на Австрија во периодот од 1968 година до 1970 година. Во периодот од 1972

стигање, групите на затвореници биле *„распоредени во разни чети“*, извршувајќи ги издадените наредби. *„Секој ден одевме на работа на брегот, каде истоварувавме и товаравме бродови, ако требаше“*.[83]

Говорејќи за деновите минати во логорот во Солун, Бенјамин Самоковлија е посебно благодарен ѕа односот на грчкото локално население кон нив: *„Грците кога нè прашуваа кои сте вие? Срби сме; и вистина, многу убаво нè примија. И секој пат кога доаѓавме таму, на едно место ни оставаа разни работи за јадење, некои и пари ни оставаа. Така што, не би се жалел дека гладувавме во Солун. Многу внимаваа на нас, и добро ни беше“*. Нешто што посебно истакнува во неговото излагање е вниманието и односот на грчките деца кон нив. *„Особено морам да кажам дека децата кои одеа на училиште беа фантастични. Кога ќе нè видеа, таму каде што работевме, ја вадеа ужината и ни ја даваа.* [...] *Му велам, тоа е за тебе, ти мораш да јадеш. Не, вели, јас дома имам доста, ти немаш ништо. Тоа тебе ти треба“*.[84]

Еден несекојдневен настан во Солун во октомври 1943 година ја менува животната судбина на Бенјамин Самоковлија. Логорската група во чиј состав бил и тој, по наредба од раководните лица во логорот, била испратена на грчките гробишта во Солун за да копаат гробни места за загинатите германски војници од фронтовите, со цел да им се оддаде последна достојна почит. Но, поради познавањето на германскиот јазик, Самоковлија добил различно задолжение од останатите. Тој бил задолжен да поставува црни драпери од внатрешната страна на прозор-

година до 1981 година ја извршувал функцијата генерален секретар на Обединетите нации. Белградскиот весник „Вечерње новости“ први во светот објавиле детали за неговата воена служба во Југославија и Грција во текстот под наслов „Ратни злочинац из досијеа Ф-25572“, каде се установило дека Валдхајм сепак се вратил повторно да служи на Балканот откако бил ранет во Русија. Исто така, било потврдено дека поради неговото учество во битката кај Козара, Валдхајм заедно со уште 25 германски офицери бил одликуван од Анте Павелиќ, поглавар на Независна Држава Хрватска, и било откриено дека Валдхајм припаѓал на германската воена единица која во Сењак во Пљевља извршила воени злосторства над српски цивили за време на Втората светска војна. Државната комисија за воени злосторства на Федеративна Народна Република Југославија на 17 декември 1947 година го осудила Валдхајм за воени злосторства. Симон Визентал додал дека за време на депортацијата во логорите на смртта во Аушвиц на една третина од Солунските Евреи, Валдхајм бил позициониран на околу 8 километри од Солун, па според ваквата состојба сигурно бил запознат и со ваквиот чин.

[83] https://collections.ushmm.org/search/catalog/irn512723.

[84] Ibidem.

ците во црквата, во чиј атар се наоѓале и гробиштата. При извршувањето на неговото задолжение, додека бил качен на скала, во црквата пристигнала група повозрасни лица. „Слушам, *говорат германски. И кога, одеднаш, еден посериозен човек викна: Ти си Евреин!*" Правејќи се дека не слуша ништо, Самоковлија продолжил со својата работа. *„И тој ми дојде на скалата на која стоев, и ме тресе; му велам, што сакате, ве молам? 'Ти си Евреин.' Јас – не. Разбираш ли?"* одговорил Самоковлија; обидувајќи се да се извади од целата ситуација, изјавил: *„Јас сум циган од Србија"*. Германецот не поверувал во исказот: *„'Тоа не е точно. Тоа мора да го видиме. Ти си Евреин, разбираш ли?' Онака, луто. И се сврти налево круг и излегоа надвор"*.[85] Подоцна се покажало дека посериозниот човек, кој тврдел дека Самоковлија бил Евреин, бил Курт Валдхајм.[86]

Веднаш по враќањето во логорот, Бенјамин Самоковлија бил повикан од еден од командантите на логорот, кој го известил дека пристигнала наредба за него, „ [...] *бидејќи беше преведувач таму, утре наутро ќе те пратиме во штаб кај Германците"*. Новонастаната ситуација била пречекана со неверување. Советите што ги добил од познавачите на внатрешните состојби во логорот биле – *„мене ми рекоа дека мора да бегам"*. Наредниот ден, Самоковлија успеал да најде начин и заедно со првата група што била испратена на работа на брегот да излезе надвор од логорот. *„По патот, таму каде што купувавме некои работи, беше еден Грк"*. За овој човек Самоковлија имал сознанија дека одржува врски со припадниците на Националниот ослободителен фронт – ЕАМ. *„Го замолив да ме поврзе со организацијата, бидејќи јас знаев дека ги одржува тие врски. Тој ни даваше и пари, и сето тоа. Ми рече, биди без грижа"*. Грчката врска каде се обратил за помош била крајно експедитивна. *„Дојде човекот и му кажав дека морам да бегам и сакам кај вас во партизани во ЕЛАС. Без грижа. Потоа дојде и ми рече, ќе биде еден свештеник на 10 метри од тука, и кога ќе го видиш, тој ќе оди напред, а ти се позади него да одиш и никаде да не мрдаш. Така и беше. Јас одев позади него, и после едно 2 километри кои ги поминав, ме предаде на една група и така дојдов во ЕЛАС, во грчките партизани. Тоа беше мојот почеток со нив. Кај нив ми беше доста добро.* [...] *И со нив одев во борбите. Во логорот во Солун бев до октомври 1943 година и побегнав преку врската на ЕАМ"*.[87]

---

[85] Ibidem.

[86] Ibidem.

[87] Архив на МАНУ. Фонд: Матковски Александар. Кутија XXII. А.Е. 132; https://collections.ushmm.org/search/catalog/irn512723.

Самоковлија останува во единиците на ЕЛАС сè до преминувањето во редовите на Првата македонско-косовска ударна бригада,[88] која по напуштањето на слободната територија во западна Македонија, на 14 декември 1943 година, се префрла преку Кајмакчалан во егејскиот дел од Македонија и воспоставува соработка со грчките партизани.[89] Во бригадата бил примен во III баталјон кај Вук Турковиќ и Предраг Ајетиќ. Бил задолжен за агитпроп на баталјонот. Од оваа бригада подоцна бил преместен во II, V и X бригада, извршувајќи ја должноста комесар на баталјон. Учествува во борбите за ослободување на Македонија.[90] Борбите за ослободување на градот Кичево со Десеттата македонска-косовска ударна бригада ги опишува како борби во кои се соочиле со многу тешкотии.[91]

Бенјамин Самоковлија уште на самиот почеток на Втората светска војна во 1941 година, губи голем дел од неговото потесно семејство. Неговите родители, заедно со сопругата со која бил во брак пред да го мобилизираат, биле одведени во логорот во Јасеновац од каде никогаш не се вратиле.[92] По ваквите страшни настани, неговите три сестри се приклучуваат Народноослободителната борба. Неговата најстара сестра Лаура учествува во борбите за ослободување на Купрес во Босна и Херцеговина. По ослободувањето на градот, во борбите со заостанатите усташки банди загинува во 1945 година. Останатите две сестри, Рахела и Бјанка ја преживеале војната и се носители на партизански споменици.[93] *„За семејството ништо не знаев. Само знаев за сите што се случува. Дека сите се собрани и убиени. Но, не знаев точно кој сè од моите. Меѓутоа, можам тоа да го кажам сега. Од моите, прво одведен е таткото, после е одведена мајката. По нејзе, сестрите ми побегнале во пар-*

---

[88] Првата македонско-косовска ударна бригада е формирана на 11 ноември 1943 година во село Слатина, Дебарца.

[89] Наша претпоставка е дека Бенјамин се приклучува во редовите на бригадата во временскиот период од декември 1943 до јануари 1944 година.

[90] Архив на МАНУ. Фонд: Матковски Александар. Кутија XXII. А.Е. 132.

[91] https://collections.ushmm.org/search/catalog/irn512723.

[92] Во биографијата која Бенјамин своерачно ја напишал во 1976 година, среќаваме податоци кои во целост не се поклопуваат со исказите изнесени во неговото интервју. Имено, во биографијата тој наведува дека неговиот татко од Сараево е одведен во 1941 година во Јасеновац и веднаш убиен, а неговата мајка, како соработник на на партиската организација во Сараево, била одведена во Босанска Градишка во 1942 година, каде била убиена. Архив на МАНУ. Фонд: Матковски Александар. Кутија XXII. А.Е. 132.

[93] Ibidem.

*тизани. Сите три беа во партизани.* [...] *Јас бев женет, и вкупно 6 месеци бев во брак со мојата сопруга. Ја оставив со моите родители. И неа исто ја одвеле, кога ги одвеле нив. Во Јасеновац – и таму ја заклале*". Многу членови од неговото пошироко семејство ја споделиле судбината на неговите најблиски: „*Нема. Ништо од фамилијата не ми остана. Никого немам*", изјавува Самоковлија во неговото интервју.[94] Најголем дел од вестите за немилите случувања кои биле поврани со населението, со борбите, за своите најмили и т.н., партизаните ги добивале од куририте кои пристигнувале во партизанските одреди: „*Имаше доста добри врски.* [...] *Во тоа време доста се говореше за сѐ, не само за Евреите, туку и за Србите како страдаат, и муслиманите како страдаат. И моравме да веруваме во сето тоа бидејќи видовме што сѐ тие прават*".[95]

Судбината на Евреите во Босна и Херцеговина во голем дел е идентична со судбината на еврејското население од другите краишта на територијата на Кралството Југославија и во Европа. Физичкото уништување на еврејското население е едно од најтрагичните поглавја од XX век, кое нацистичкиот и фашистичкиот режим на германските агресори, нивните сателитски сојузници и квислинзите го запишаа во новата општа историја, како една од најголемите човечки трагедии.[96]

---

[94] Ibidem; На 1 септември 1941 година, околу 1 000 босански Евреи се одведени во логор во Крушница близу Травник во БиХ. Еден месец подоцна, на 15 и 16 ноември, околу 3000 босански Евреи се одведени во концентрациониот логорот во Јасеновац, на територијата на НДХ. До крајот на 1942 година, усташите однеле преку 8500 Сараевски Евреи во концентрационите логори на територијата на НДХ или биле депортирани низ логорите низ Европа. Pinto 1987, 187.

[95] https://collections.ushmm.org/search/catalog/irn512723.

[96] Масовните физички и психички малтретирања и материјалниот и економски грабеж на еврејското население во БиХ започнува со самото навлегување на германската окупаторска војска на територијата на Кралството Југославија. На 16 април 1941 година, Германците започнале со пљачкање на еврејкиот имот во Сараево. Големиот сефардски храм во Сараево е меѓу нивните први цели. Во рамките на храмот биле сместени и просториите на општинскиот совет, голема библиотека, архивата и музеј. На 24 април во Сараевскиот печат била објавена одлуката за припојување на територијата на БиХ кон новосоздадената т.н. Независна држава Хрватска. На 1 август 1941 година биле стрелани првите Евреи во населбата Враца во Сараево. Еден месец подоцна, на 1 септември истата година биле спроведени првите два транспорти со кои биле одведени околу 1000 лица (мажи, жени и деца) во логорот Крушица во близина на Витез. На 15 и 16 ноември 1941 истата година, околу 3000 лица биле одведени во концентрациониот логор во Јасеновац. Вкупно од околу 10500 лица со еврејска припадност кои ги затекнала војната во Сараево, до месец август во 1942 година во усташките или германските логори биле испра-

За време на воените акции во Првата македонско косовска бригада, во партизанските редови судбинските патишта го спојуваат Бенјамин Самоковлија со партискиот борец Наталија Спирковска од Прилеп, која подоцна станува негова животна сопатничка.[97] За време на нивниот брак добиваат две деца, Лаура и Бранимир Самоковлија.

По ослободувањето на територијата на Македонија бил повикан да ја организира постоечката текстилна индустрија во градот Битола, да ги пушти во погон постојните помали фабрики кои биле во приватна сопственост и да отвори и организира нови конфекциски погони за потребите на војската. Според неговите зборови, *„Тогаш се всушност удрени и првите темели на индустријата"* на повоена Македонија. По извршувањето на зададените должности и предавањето на постројките на цивилното управување, Самоковлија со наредба бил преместен во Скопје, каде бил назначен за шеф на разузнавачката служба на VIII дивизија на Корпусот на народната одбрана на Југославија (КНОЈ).[98] Се стекнал со воен чин – Резервен капетан I класа.[99]

Бенјамин Самоковлија во својот работен век предводел голем број државни претпријатија. Говорел четири странски јазици – шпански, француски, германски и италијански. Носител е на повеќе воени и државни одликувања. Во 1948 година бил одликуван со Орден за заслуги за народ од III ред. На 4 ноември 1963 година бил одликуван со Медал за храброст. Во 1970 година бил одликуван со Орден за воени заслуги со сребрени мечеви од претседателот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Јосип Броз Тито. На 31 март 1977 година бил одлику-

тени околу 9000 лица. Од нив, после завршувањето на војната се вратиле околу 40 лица. Во временскиот период додека се случувало систематското и однапред прецизно утврдено ликвидирање на еврејското население, паралелно биле носени и законски акти со кои се конфискувал нивниот движен и недвижен имот. За време на војната, од градот Сараево, усташките власти испратиле во логори на смртта 28 групи составени од еврејско население. На 23 август 1942 година, Усташката надзорна служба, Заштитното редарство за град Сараево, ги известила своите претпоставени во Загреб: *„Вчера попладне во 17 часот испратени се и преостанатите Евреи од подрачјето на градот Сараево во соборниот логор Лобор град"*. Од околу 14000 Евреи кои биле регистрирани на територијата на Босна и Херцеговина, на разни начини приближно 1600 лица успеале да ја преживеат војната. Pinto 1987, 186–187; Čengić 1979, 230; Subašić-Galijatović 2020, 63.

[97] https://collections.ushmm.org/search/catalog/irn512723.

[98] Архив на МАНУ. Фонд: Матковски Александар. Кутија XXII. А.Е. 132; Мартиновић 1979, 247.

[99] Архив на МАНУ. Фонд: Матковски Александар. Кутија XXII. А.Е. 132

ван со Орден на Братството и единството со сребрен венец". Подоцна бил одликуван и со Орден на Републиката со сребрен венец и со Медал од државата Израел.

Од особена важност е да се нагласи дека Бенјамин Самоковлија неполни две децении ја извршувал функцијата претседател на Еврејската заедница во Република Македонија, градејќи цврсти пријателски односи со останатите верски заедници во земјата.[100]

Починал на 28 февруари 1996 година во Скопје.



БЕНЈАМИН САМОКОВЛИЈА - ДАМЈАН[101]
(Сараево, БиХ, 31 март 1918 – Скопје, Р.М., 28 февруари 1996)

---

[100] https://holocaustfund.org.mk/posts/details/172, Проверено на 1.10.2022 година.

[101] Ја користам оваа прилика да изразам благодарност до синот и внукот на Бенјамин Самоковлија, Бранимир Самоковлија и Дарко Самоковлија Барух, за подарената фотографија.

# БИБЛИОГРАФИЈА


## НЕОБЈАВЕНИ ИЗВОРИ

Архив на Македонска Академија на Науките и Уметностите. Фонд: Матковски Александар. Кутија XXII. Архивска единица 132. 1976. Јануар 27, Скопје. Биографија на Бенјамин Самоковлија - Дамјан.

## ОБЈАВЕНИ ИЗВОРИ

*Balkanski ugovorni odnosi 1876-1996, II tom (1919-1945).* Priredio Momir Stojković, JP Službeni list SRJ, SJU "Međunarodna politika", Beograd, 1998.

Bogdan Krizman, *Jugoslovenske vlade u izbeglištvu 1941-1943.* Dokumenti. Arhiv Jugoslavije, Globus. Beograd/Zagreb, 1981.

*Односи Југославије и Русије (СССР) 1941-1945.* Документи и материјали. Савезно Министранство за иностране послове и Војноисторијски институт, Министерство за иностраних послова Руске Федерације, Београд, 1996.

Ferdo Čulinović, *Dokumenti o Jugoslaviji. Historijat od osnutka zajedničke države do danas.* Zagreb, 1968.

## МОНОГРАФИИ И СТАТИИ

Dr. Dušan Lukač, *Treći Rajh i zemlje Jugoistočne Evrope, drugi deo 1937-1941.* Vojnoizdavački zavod. Beograd, 1982.

Mihajlo Marić, *Kralj i vlada u emigraciji.* Epoha-Zagreb, 1966.

Ратко Матиновић, *Од Равне горе до Врховног штаба.* Издавачка радна организација „РАД“. Београд, 1979.

Slobodan Nešović, *Svet o nama 1941 - 1945.* Tom I. "RAD", Beograd, 1983.

*Opća enciklopedija jugoslovenskog leksikografskog zavoda.* Tom 7. Zagreb, 1981.

Aleksandar Papagos, *Grčka u ratu 1940-1941.* Vojno delo. Beograd, 1954.

Branko Petranović, *Srbija u Drugom svetskom ratu 1939-1945.* Vojnoizdavački i novinski centar. Beograd, 1992.

Avram Pinto, *Jevreji Sarajeva i Bosne i Hercegovine.* Sarajevo, 1987.

Dušan Plenča, *Međunarodni odnosi Jugoslavije u toku Drugog svjetskog rata.* Institut društvenih nauka, Odeljenje za istorijske nauke. Beograd, 1962.

Leften Stavrijanos, *Balkan posle 1453. Godine.* Equilibrium, s engleskog preveo Veselin Kostić. Beograd, 2005.

Yale Storm, *The Expulsion of the Jews: Five Hundred Years of Exodus.* Publisher, S.P.I. Books, New York, 1992.

Vlado Strugar, *Jugoslavija 1941-1945.* Treće izdanje. Partizanska knjiga. Ljubljana, Monos, Beograd, 1978.

*Tajni arhivi grofa Ciana (1936-1942).* Zora. Zagreb, 1952.

Велимир Терзић, *Југославија у Априлском рату 1941.* Графички завод-Титоград, 1963.

Ferdo Čulinović, *Jugoslavija između dva rata.* Knjiga 2. Historijski institut JAZU. Zagreb, 1961.

Dr. Ferdo Čulinović, *Okupatorska podjela Jugoslavije.* Vojnoizdavački zavod. Beograd, 1970.

Ferdo Čulinović, *Slom stare Jugoslavije.* Školska knjiga. Zagreb, 1958.

Тодор Чепреганов. Судирот на британските и германските интереси на Балканот во текот на Втората светска војна. Институт за национална историја. Скопје, 2000.
Ivan Jelić, *Majsko savjetovanje rukovodstva Komunističke partije Jugoslavije u Zagrebu 1941. god.* (Prilog razmatranju nekih pitanja). Časopis za suvremenu povijest 16 (3). Zagreb, 1984.
Elma Softić-Kaunitz, „Mjesto susreta. Doprinos jevrejskog kulturno-prosvjetnog i humanitarnog društva „La Benevolencija" očuvanju međureligijskog dijaloga u BiH tokom rata 1992-1995". *Jevrejski glas. Glasilo Jevrejske zajednice Bosne i Hercegovine.* Broj 76. Hešvan 5778. Sarajevo, oktobar 2017.
Sabina Subašić-Galijatović, Stradanje Jevreja Bosne i Hercegovine tokom holokausta. *Anali Pravnog Fakulteta, Univerziteta u Zenici, 2020. Vol. 13, Issuse 25.*
Мр Драган Тешић, *Војска Краљевине Југославије 1939-1941 године. Други свјетски рат - 50 година касније.* Радови са научног скупа, Подгорица, 20-22 септембар 1995. Црногорска Академија Наука и Умјетности, Српска Академија Наука и Умјетности. Подгорица, 1996. Vol. 1.
Др Славољуб Цветковић, *Југословенско-совјетски односи 1939-1941. године. Други свјетски рат - 50 година касније.* Радови са научног скупа, Подгорица, 20-22 септембар 1995. Црногорска Академија Наука и Умјетности, Српска Академија Наука и Умјетности. Подгорица, 1996. Vol. 1.
Esad Cengić, Sarajevski jevrei. *Zbornik 4: Studije, arhivska i memoarska građa o Jevrejima Jugoslavije,* Jevrejski istorijski muzej - Beograd, 1979.

## ИНТЕРНЕТ ИЗВОРИ

https://collections.ushmm.org/search/catalog/irn512723. Проверено на 1.10.2022 година.

Aleksandar Manojlovski
Institute of National History, Skopje

## BENJAMIN SAMOKOVLIJA (1918–1996)

### (summary)

Benjamin Samokovlija (Sarajevo, 31.III.1918 – Skopje, 28.II.1996) comes from a Jewish family. On April 5, 1941 he was mobilized in the ranks of the army of the Kingdom of Yugoslavia. In the second half of August 1941, Benjamin joined the ranks of the National Liberation Army and the People's Liberation Army. He took part in numerous battles in the anti-fascist war for the liberation of Yugoslavia. After the Fourth Enemy Offensive of the Supreme Headquarters of the People's Liberation Army and Partisan Detachments of Yugoslavia, which took place in the first half of

1943, Samokovlija together with a part of his partisan unit were captured by the Germans and imprisoned in Zenica. After a month in the Zenica prison, a group of 600 prisoners, including Samokovlija, were transferred to the Thessaloniki concentration camp. In October 1943, through an EAM connection, Benjamin Samokovlija managed to escape and join ELAS. He remained in the ranks of the Greek partisans until the contact with the Macedonian partisans from the First Macedonian-Kosovo Brigade on the territory of the Aegean part of Macedonia in the period between the second half of December 1943 and January 1944. He was admitted to the III Battalion and was in charge of the agitprop of the battalion, from where he was later transferred to the ranks of the II, V and X brigades, acting as a battalion commissary and participating in the battles for the liberation of Macedonia.

At the very beginning of World War II in 1941, Benjamin Samokovlija lost many of his immediate family members, including his parents and wife. As direct witnesses to the measures taken for the physical and economic destruction of the Jews in Bosnia and Herzegovina by the German occupying authorities, their collaborators and the authorities of the Independent State of Croatia, his three sisters joined the People's Liberation War. His eldest sister Laura was killed in 1945.

Benjamin Samokovlija is the holder of several military and state decorations. During his tenure, he ran a number of state-owned enterprises. It is particularly important to emphasize that for less than two decades he served as President of the Jewish community in the Republic of Macedonia, building strong friendly relations with other religious communities in the country.

*Keywords.* – Benjamin Samokovlija, Jew, Sarajevo, Bosnia and Herzegovina, People's Liberation War in Yugoslavia, Serbia, Thessaloniki, Macedonia, Skopje, Jewish community.